**2024029749**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 46 став (2) од Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.19/23), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА ПОДАТОЦИТЕ КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА СПРОВЕДЕНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИНСПЕКЦИИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата за податоците кои се однесуваат на спроведените финансиски инспекции.

Член 2

Евиденцијата за податоците кои се однесуваат на спроведените финансиски инспекции се води во електронска форма на образец „Евиденција за податоците кои се однесуваат на спроведените финансиски инспекции“.

Формата и содржината на образецот од евиденцијата од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Податоците во евиденцијата од членот 2 од овој правилник се внесуваат за секоја спроведена финансиска инспекција одделно, почнувајќи од реден број 1, кој се однесува на првата спроведена финансиска инспекција во календарската година, заклучно со редниот број кој се однесува на последната финансиска инспекција во календарската година, при што податокот за календарската година се внесува во редот пред редниот број 1 во евиденцијата.

Член 4

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 25-908/1
5 февруари 2024 година
Скопје

Министер за финансии,
д-р **Фатмир Бесими/Fatmir Besimi,** с.р.

Прилог

# ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ПОДАТОЦИТЕ КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА СПРОВЕДЕНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИНСПЕКЦИИ

| 1 | 2 | 3 | | | 4 | | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | | | 10 | | | 11 | | | 12 | | 13 | | 14 | 15 | 16 | | | 17 | 18 | | 19 | 20 | 21 | | 22 | | 23 | | 24 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Реден број | Предмет на финансиска инспекција | Записник | | | Решение за запирање / Заклучок за запирање | | Број на инспекциски мерки | Неправилности/недостатоци утврдени со финансиската инспекција (опис) | Датум на прием на записникот од субјектот на финансиската инспекција | Датум на доставување на записникот за постапување до други надлежни органи | Прекршочна постапка | | | Доставување на записник со докази до надлежен орган | | | Решение за поврат на средства во Буџетот на Република Северна Македонија | | | Решение за отстранување на утврдени неправилности и недостатоци | | Решение за прекинување на утврдени неправилности | | Рок за реализација на мерка | Датум на прием на решение | Управен спор | | | Датум на реализација на мерка | Реализација на мерка | | Глоба изречена во прекршочниот платен налог (изразена во ЕВРА) | Рок за плаќање на изречена глоба | Платена глоба | | Краен рок за известување за преземање мерки | | Датум на доставување на известување за преземање на мерки | | Забелешки |
| | | Датум | Број | Сторен прекршок/извршена финансиска инспекција | Датум | Број | | | | | Датум на барање за поведување прекршочна постапка | Број на барање за поведување прекршочна постапка | Вид на судска одлука | Датум | Број | Назив на надлежен орган | Датум | Број | Износ на средства за поврат во Буџетот на РСМ | Датум | Број | Датум | Број | | | Датум на тужба | Број на тужба | Вид на правосилна и извршна одлука на Управен суд на Република Северна Македонија | | до утврден рок/ по утврден рок/ не е реализирана/делумно реализирана | Износ на вратени средства во Буџетот | | | Датум на плаќање на глобата | Износ на платената глоба | согласно член 47 став (5) [1] | Согласно член 48 став (4)[2] | согласно член 47 став (5)[3] | согласно член 48 став (4)[4] | |
| | | 1 | 2 | 3 | 1 | 2 | | | | | 1 | 2 | 3 | 1 | 2 | 3 | 1 | 2 | | 1 | 2 | 1 | 2 | | | 1 | 2 | 3 | | 1 | 2 | | | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

1 Од Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор(*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.19/23)

2 Од Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор(*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.19/23)

3 Од Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор(*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.19/23)

4 Од Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор(*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.19/23)